**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 15.04.2019

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 2243 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 2 февруари 2019 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 15 април 2019 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум);

   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците);

   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);

   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

     (Идентификација на радиодифузер);

6. **Претходно изречена мерка:** Нема;

7. **Констатации од надзорот:**

   Со редовниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, емитуван на 2 февруари 2019 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на членот 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**.

Радиодифузерот не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците, односно не им овозможи на своите корисници, лесен, директен и постојан пристап најмалку до следниве податоци: полното име на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга; адресата на седиштето на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга; податоци за контакт (телефонски број, адресата на електронската пошта и/или веб страница, контакт лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт); и за надлежното регулаторно тело.

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЃА ДООЕЛ Скопје, на 2 февруари 2019 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

**9. Предлог мерка:**

Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЃА ДООЕЛ Скопје, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***